


# Кав'даречки ВЕСНИК

ГОДИНА III * БРОЈ 65 * 13. 4. 2012 * www.kavadarci.gov.mk * БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК


FENI INDUSTRIES

Кралица на водите КОЖУВЧАНКА

Sinalco schmeckt

**Денеска е Велики Петок, прв неработен ден од продолжениот велигденски викенд**

## ПРАЗНИКОТ НА СВЕТЛИНАТА И РАДОСТА СПОДЕЛЕТЕ ГО СО ВАШИТЕ НАЈБЛИСКИ

**Од утре на полноќ православните христијани ќе се поздравуваат со поздравот „Христос Воскресе“**

Денот на Воскресението Христово Велигден е најголемиот верски празник во православието кога се прославува воскреснувањето на Исус Христос по неговата смрт со распнување околу 27-33 година од н.е. Православните христијани на тој ден се поздравуваат со поздравот „Христос воскресе“ на што се одговара „Навистина воскресе“. Велигден како и празниците кои се поврзани со него се подвижни, тие не паѓаат на ист датум секоја година. Се празнува по еврејскиот празник Пасха, во првата недела по полната Месечина, која е на денот на пролетната рамнодневница или непосредно по неа. Во периодот од 1900 до 2100 година Велигден може да се падне помеѓу 4 април најрано, односно 8 мај најдоцна. Годинава велигденските празници за православните христијани започнуваат на 12, а завршуваат на 17 април.

Православниот храм „Св. Димитрија“ од Кавадарци празнувањето го започна вчера Велики Четврток со Утрена заедно со Василиева литургија, а синоќа се читаше за дванаесетте Страдални Евангелија со изнесување на Распетието Исусово. Денеска наутро со почеток во 7 часот беа Царските часови при што се изврши симболичното изнесување на Плаштеницата, а вечерва од 19.00 ч. ќе се изврши вход околу храмот и оплакување на гробот на Господ Исус Христос.



Утре е Велика Сабота кога на полноќ се случува најзначајниот чин Воскресението Христово. Наутро ќе биде одржана Василиева литургија, а вечерта со почеток од 23.30 часот со Златоустова литургија ќе биде извршен вход околу црквата, по што на полноќ со биење на камбаните во сите православни храмови ќе биде објавено Христовото Воскреснување, како чин на победата на животот над смртта. Во наредните три дена: недела, понеделник и вторник во храмот ќе се одржат утрински литургии, а во понеделник на 16 април Втор ден Велигден со литургијата ќе чинначалствува Неговото високопреосвештенство митрополитот Повардарски г. Агатангел.

Обичај кај сите христијани е дарувањето велигденски јајца. При тоа се води сметка секој член на семејството и секој гостин да добие јајце со одредена симболика. При капење на децата, во водата се става црвено јајце и со него им се трие челото и образите за да бидат црвени, како симбол на здравјето. Првите бојадисани јајца се наменети за куќата, за Господ и по едно за секој член од семејството. Се верува дека токму првобојадисаното јајце има голема заштитна моќ.

На Велигден рано наутро сите одат во црква за да чујат „Христос воскресе“ и да се причестат. Во Македонија Велики Петок и понеделник Втор ден Велигден се неработни денови со одлука на Владата. Велигден се смета за „празник над празниците“.

**Димитар Мурџев**

**Редовна годишна отчетна трибина на Владата во Кавадарци**

## ПРЕМИЕРОТ СО ВЕСТ ДЕКА СЕ ПРЕФРЛЕНИ НАД 2 МИЛИОНА ЕВРА СУБВЕНЦИИ

„Денеска субвенциите се исплатени за лозарите. Владата на трансакциските сметки префрли 2,2 милиони евра“ – ова беше главната вест што им ја соопшти на кавадарчани премиерот на Владата, Никола Груевски, на отворена трибина во хотел „Фени“. Нагласи дека поддршката во земјоделството ќе продолжи и во иднина, така како што е ветено. „Кризата нема да влијае за намалувањето на субвенциите“ – беше дециден првиот човек на Владата.

Груевски во Кавадарци дојде со вицепремиерот Пешевски, министрите: Јанакиевски, Самак, Канчевска-Милевска, како и државни секретари и раководители на институции. Се осврна на направените реформи. Рече дека и покрај светската економска и европската должничка криза, Македонија



успешно се справува со економијата. „Не се намалени ниту платите, ниту пензиите. Ако работите одат добро ќе има и зголемување на платите и пензиите до крајот на годината. И во криза не ги зголемивме даноците“ - нагласи Груевски. „Тргнавме од земја во земја да бараме и нудиме поволности со цел да привлечеме инвеститори и еве почнаа да доаѓаат резултатите“.

Премиерот се осврна и на реформите во здравството. Рече дека во здравствените установи во Македонија е набавена најсовремена опрема за првпат од осамостојувањето, а лекарите се обучуваат за користење на истата. „Ги намаливме цените на лековите. Етапно ги решаваме проблемите во здравството. Донесовме закон со кој од 1 јануари 2013 година секој граѓанин кој има потреба од лекување на странските клиники нема да плаќаат повеќе од 200 евра.“

Груевски ги спомена пред кавадарчани и направените реформи во образованието.„Ние инвестираме во мозоците на нашите граѓани за да можат самите да бидат успешни и да имаат поквалитетен живот.“ Премиерот кажа дека сите државни службеници и раководители кои нема да работат во согласност со законите ќе бидат санкционирани. Неселективно ќе продолжи борбата со криминалците. Во однос на надворешната политика и проблемот со името, Груевски повтори дека се бара решение кое нема да го наруши достоинството на граѓаните.

Градоначалникот на Кавадарци, Александар Панов упати благодарност до премиерот и Владата за огромната поддршка што да ја добива Кавадарци. Тој ги посочи сите проекти кои со помош на Владата се реализираа во Општината во изминатите три години, а меѓу нив и позначајните, социјалната зграда, реконструкцијата на патните правци Кавадарци - Ресава и Кавадарци - Мушов Гроб. Но посебна благодарност упати за проектот кој започна да се реализира, а кога ќе биде целосно завршен ќе донесе 4 000 нови работни места, односно како што посочи, тоа се четири фабрики со капацитет на вработување како „Фени Индустри“ .

Вицепремиерот Пешевски ги охрабри кавадарчани да работат на проширување на семејствата, бидејќи државната помош за трето и четврто дете продолжува и во наредниот период.

Трибината имаше и форумски дел каде кавадарчани имаа можност да поставуваат прашања до премиерот, министрите и раководителите на државните институции.

**Ангел Данов**




**Европската унија го објави вториот повик за конкурирање со проекти за пари од европските фондови**

## КАВАДАРЦИ ПОДГОТВУВА НОВИ ПРОЕКТИ СО КОИ ЌЕ АПЛИЦИРА ПРЕД ЕУ ДОНАТОРИТЕ

Министерството за локална самоуправа (Оперативна структура во РМ) во соработка со Министерството за развој, конкурентност и бродарство на Грција (Управувачки орган УО) во рамки на ИПА Прекуграничната програма со Грција 2007-2013, финансиран од Европска унија, во Струмица одржа Информативен ден во врска со отворениот втор Повик за проектни предлози, објавен на 14 март 2012 година. На овој информативен ден присуствуваше и градоначалникот на општина Кавадарци, Александар Панов.

Европската унија го објави вториот повик за аплицирање на средства за проекти за прекугранична соработка меѓу Македонија и Грција. Вториот повик тежи 14 милиони евра за кои треба да конкурираат македонските и грчките општини, невладини организации и други институции. Во Струмица се одржа средба на која присуствуваа Амбасадорот на ЕУ во Македонија Аиво Орав, министерот за Локална самоуправа во Владата на Република Македонија Невзат Бејта, како и градоначалници од јужниот и југоисточниот дел на земјава.



Градоначалникот на Кавадарци Александар Панов од овој втор конкурс очекува многу повеќе, бидејќи Општината располага со кадар кој ќе ги допрецизира постојните и ќе изготви нови проекти во соработка со партнерските општини од соседна Грција, се разбира со помош на посредникот Европската унија.

Заинтересираните општини треба да аплицираат со проекти кои ќе имат одржлив развој. Евроамбасадорот Аиво Орав потенцираше дека добивањето на овие средства според прописите и регулативата на ЕУ ќе оди тешко затоа се потребни издржани проекти со цел овие средства правилно да се искористат.

Министерот за Локална самоуправа Невзат Бејта е уверен дека македонските апликанти ќе доставаат издржани проекти. Тој очекува бројката на овој втор повик од страна на македонските и грчките општини да биде поголема што ќе биде во интерес на двете страни. На првиот повик за прекугранична соработка меѓу Македонија и Грција се доделени околу пет милиони евра. Од овие пари општина Кавадарци има добиено сериозна сума на пари и тоа за два проекта од кои едниот се однесува на туризмот и кулинарството преку соработка со општината Воден, а другиот во делот на екологијата кој има за цел доизградба на 600 метри од колекторот на реката Луда Мара.

**Нова група млади од Европа беа на гости кај нас**

## КАВАДАРЦИ ПРЕДНИЧИ ВО СОРАБОТКАТА СО МЛАДИТЕ ОД ЕВРОПА

Размена на искуства и продлабочување на соработката помеѓу младите од различни земји беше целта на седумдневната работилница на која во Кавадарци беа присутни млади волонтери од



Невладиниот сектор од Литванија, Шпанија, Албанија, Чешка, Србија, Турција, Босна и Херцеговина и домаќините од Македонија. Дружењето е дел од проект на Европската унија „Младите во акција“. Во Кавадарци тие работеа на неколку теми поврзани со подготвувањето на проектот за конкурирање пред фондовите на Европската унија, самовработување и презентација на сопствени проекти. Младите волонтери на почетокот од нивниот престој во Кавадарци беа примени од градоначалникот Александар Панов, при што го запознаа за нивните активности, како и целта на еднонеделниот собир. Имаа можноста од првиот човек на Општината да им биде претставен градот во кој престојуваат, неговиот демографски, економски и социјален карактер, како и туристичките потенцијали.

Младите Европејци покажаа особен интерес за историјата на градот, како и за односот на Локалната самоуправа кон невладините организации, посебно младите и нивната иднина. Од Панов добија информативно-туристичка мапа на градот, општината и регионот Тиквеш, потоа брошура „Боите на Тиквешијата“, препорака да го посетат античкиот град Стоби, како и помош во обезбедување на превоз додека се во посета на Кавадарци. Впечатоците на дваесеттината млади од неколку европски земји се сведуваа на неколку зборови дека кавадарчани се исклучително гостопримливи луѓе, подготвени да помогнат во секој момент, мирен и тивок град кој живее современ живот со можности за забава и исклучително вкусна храна и одлично вино.

**Димитар Мурџев**

## ЧЕТВРТООДДЕЛЕНЦИ ОД „ГАБЕРОТ“ КАВАДАРЦИ НА ГОСТИ КАЈ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Градоначалникот Александар Панов беше домаќин на 86 ученици во четврто одделение од Општинското основно училиште „Димката Ангелов –Габерот“ од Кавадарци. Тие во рамките на наставата по Природа и општество имаа обработка на методската единица Локална самоуправа. Градоначалникот Панов во склоп на Отворениот ден на Општината уште еднаш им излезе во пресрет на децата, со цел на самото место да им помогне во совладувањето на лекцијата на учениците. По краткиот вовед за тоа каде сè и во каква установа влегуваат од страна на нивниот домаќин, учениците сместени во столчињата на големата сала на Општината каде заседава Советот поставија серија прашања.

Тие се интересираа за работата на Општината и градоначалникот, но и за конкретни комунални проблеми. Прашаа: Како се станува градоначалник?, Колку градоначалници имало



досега во Кавадарци?, Колку е мандатот на градоначалникот?, Што е општински Совет и колку луѓе има во него?, Што работат луѓето во Општината, Кога ќе има струја на куќите на Тиквешкото Езеро?, Кога ќе ја добијат спортската сала во нивното училиште? и за многу други работи што ги интересираа. Потоа домаќинот ги покани на мало дружење во кабинетот.

**Димитар Мурџев**

## ВЕЛИГДЕНСКА ЧЕСТИТКА

**Почитувани,**

Ми претставува особено задоволство и чест на православните верници во општината Кавадарци и во регионот, како и на сите Тиквешани и Македонци во светот да им го честитам големиот христијански празник, празникот над сите празници Христовото воскресение – Велигден.



Во предвечерието на најголемиот православен празник Велигден да ја потврдиме вредноста на нашата духовност, заедници споделена со христијанскиот свет.

Најголемиот празник нека ни биде пример дека Христовата голгота и неговата саможртва во името на добрината и светлината, повеќе од две илјади години ја носат во себе нашата верба во победата на животот над смртта.

Да не заборавиме да го следиме овој пат беспоштедно вградувајќи се себеси, а во истовреме да се даруваме на другите, испраќајќи љубов кон блиските, нашите сограѓани и работејќи на просперитетот на Општината и нашата земја Македонија.

Искрено ви посакувам Велигден да го поминете во добро здравје, радост, благосостојба и мир споделувајќи безусловна љубов со вашите најблиски.

Христос воскресна, навистина воскресна!

**Градоначалник,**
**Александар Панов**




**Советот на општина Кавадарци ја одржа првата вонредна седница во овој состав**

## ЕДНОГЛАСНА ОДЛУКА НА СОВЕТНИЦИТЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГЕРМАНСКАТА ИНВЕСТИЦИЈА „ДРЕКСЛМАЈЕР“

Советот на општина Кавадарци на првата вонредна седница во овој состав расправаше за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општината за 2012 година. Целта, како што рече претседателот на Советот, Илија Тренчев, е да се забрза постапката за изградба на фабриката на германски „Дрекслмајер“ со што се дава можност за побрзо отпочнување на германската инвестиција.

Како што доликува на една ваква крупна одлука, советниците едногласно за само десетина минути ја прифатија програмата со измените и дополнувањата. На гласањето претходеше образложение на измените кои се вршат од страна на раководителот за урбанизам Стефка Јованова. „Урбанистичкиот план за вон населено место *Телот* се менува и гласи: Урбанистичкиот план вон населено место за стопанска зона *Телот* блок 1 место викано *Телот* општина Кавадарци. Површината на опфатот е 21,60 ха, а намената е Г2 лесна и незагадувачка индустрија, Г3 сервиси, Г4 стоваришта и Е-инфраструктура“ - нагласи Јованова.

На усвојувањето на измените претходеа и кратки дискусии. Советниците Борис Давидов и Панчо Минов ја поздравија одлуката за влез на германската инвестиција. Давидов посочи дека тое е вистинскиот пат за економски развој на Општината, додека Минов забележа дека на прес- конференцијата кога се најави германската инвестиција заедно со градоначалникот биле



само советниците од владеачкото мнозинство. Апелираше во иднина да не се прави тоа, бидејќи целиот Совет давал придонес во олеснувањата за влез на странските инвеститори. „Да не оставиме впечаток кај странскиот инвеститор дека сме партизирани и дека само една партија е за таа работа и дека само од една партија ќе се вработува“ - рече Минов.

Во сосема спротивна конотација зборуваше претседателот на Советот Илија Тренчев. „Токму носењето на денешната одлука го дава демократскиот капацитет на овој Совет. Нема потреба од дискусија која би ја минимизирала целата работа. Нема фаворизирање на одредени групи, а најмалку по партиска линија бидејќи станува збор за странски инвеститор. Ќе се вработуваат само подготвени и стручни кадри“ – реплицираше претседателот на Советот.

Одлуката беше едногласно усвоена од сите советници со што и формално се потврди просторот каде се очекува за една година да биде изградена современа фабрика за производство на автоделови од електриката за автомобилите мерцедес „Ц“ класа.

Оваа инвестиција треба да биде економски препород за Кавадарци. До крајот на годината треба да бидат вработени 500 лица, а со целосната изградба 4000 вработени.

**Ангел Данов**

**Членовите на Советот на општина Кавадарци ја усвоија Програмата за работа во 2012 година**

## ОСВЕН ВО КОМУНАЛНАТА ДЕЈНОСТ ЌЕ СЕ ФОРСИРА И СОЗДАВАЊЕ УСЛОВИ ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Програмата за работа на Советот на општина Кавадарци се базира на надлежностите пропишани со Уставот, Законот за локална самоуправа и другите закони кои се однесуваат на функционирањето на Локалната самоуправа, како и Статутот на Општината и деловникот за работа на Советот. Програмата овозможува основни насоки по кои ќе се раководи Советот во своето работење во текот на една календарска година. Со истата се обезбедува транспарентност, но и простор за нејзино проширување и дополнување од овластени предлагачи и други заинтересирани субјекти и поединци. Нормативниот дел од програмата за работа на Советот на општина Кавадарци ја регулира нормативната дејност на Советот за тековната година, односно донесувањето на нормативните акти и нивното усогласување со новите прописи што се веќе донесени или ќе се носат во текот на годината.

Програмата има отворен карактер, така што сите проблеми и прашања што ќе се појават, а за кои Советот, градоначалникот и другите органи ќе оценат дека имаат битно значење за животот и интересите на граѓаните, ќе бидат составен дел на програмата. Во оваа 2012 година комуналните прашања, урбанизацијата, одлуките во доменот на образованието, културата, примарното здравство, спортот, како и прашањата од екологијата ќе бидат приоритетни теми во расправата на редовните седници на надлежните комисии, како и на пленарните седници на Советот на општината Кавадарци, согласно програмата што ја усвоија советниците и оваа година.

Советот ќе го задржи истото темпо на работа како и во досегашните три години од



својот мандат со единствена цел на граѓаните на Општината да им се пласираат одлуки чија цел е подобрување и подигање на стандардот на живеење. Приоритети и натаму ќе бидат грижата за лозарите, како и обезбедување поволности за инвестиции во економијата со цел отворање нови работни места.

**Јавната чистота и подобрувањето на хигиената одредници во програмата на Советот во овој домен**

## ПОКРАЈ КОМУНАЛЕЦ ОДГОВОРНОСТ ЗА ХИГИЕНАТА ВО ГРАДОТ ТРЕБА ДА НОСАТ И ГРАЃАНИТЕ

Програмата за одржување на јавната чистота на територијата на општина Кавадарци за 2012 година има цел да обезбеди одржување преку редовно чистење, метење и миење на јавните површини и на отворените простори пред јавните објекти и чистење на снег и мраз во




зимски услови, заради обезбедување на поквалитетни услови за живеење на граѓаните и почиста животна средина. Со оваа програма се утврдуваат работите на јавната чистота во општина Кавадарци за годинава. Одржувањето на јавната чистота, собирањето на сметот на јавните површини, на отворените простори на јавните објекти се дејности од јавен интерес од локално значење и претставува обврска на единиците на Локалната самоуправа. Корисниците, односно сопствениците на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување се должни истите уредно да ги одржуваат на начин со кој не се нагрдува и деградира просторот во урбаните средини и редовно да го отстрануваат сметот од истите.

Одржувањето на јавната чистота на јавните површини во општина Кавадарци го врши ЈП „Комуналец“. Со оваа програма се опфаќа јавната чистота на јавните површини – улици, тротоари, велосипедски патеки, плоштади, кејови, надвозници, мостови, паркиралишта, скалила, паркови, улични тревници, такси станици, градски гробишта, пазари. Ќе се изведуваат активности за рачно и машинско метење на јавните површини, миење и машинско чистење на улиците од наноси на земја по врнежи од дожд. Во улици од прва категорија влегува центарот на градот, деловниот дел на градот каде што улиците и булеварите се со густа фреквенција на луѓе и возила и каде треба да се чисти 6 до 7 дена неделно, а додека во останатите зони сметот се изнесува три пати неделно.

**Продолжува соработката меѓу општините партнери Кавадарци од Македонија и Воден од Грција**

## ЖЕЛБА НА ЛУЃЕТО ОД ДВЕТЕ СТРАНИ НА ГРАНИЦАТА Е ЗБРАТИМУВАЊЕ НА ОПШТИНИТЕ

Делегација од пријателскиот град Воден (Едеса) од соседна Грција престојуваше во еднодневна работна посета на општина Кавадарци. Истата беше примена од градоначалникот на општината Александар Панов. Во грчката делегација предводена од градоначалникот Димитриос Јаниу беа и заменик-градоначалникот Христос Зифи, шефот на кабинетот на воденскиот градоначалник Костас Стумбос и раководителот на секторот за културен туризам и животна средина Евангелос Кириаку. Целта на посетата беше првите луѓе на општините да разговараат на неколку заеднички теми, пред сѐ околу натамошниот тек на реализацијата на заедничкиот проект „Гастрономските патишта на Кајмакчалан“. Овој проект финансиран со 70.000 евра, пари од европските фондови за прекугранична соработка и економски развој, ќе обезбеди изградба на Куќа на вкусовите во Кавадарци и Воден, потоа соработка на карневалска основа и тоа помеѓу „Фестивалот на цветање на црешата“ во Воден и „Тиквешкиот гроздобер“ во Кавадарци, како и креирање официјален ВЕБ сајт, издавање на брошура и печатење гастрономски водич. Парите наменети за Кавадарци ќе се вложат во реконструкција на зградата на стариот



Младински дом, кој со дополнителни средства од Општината ќе се доизгради во градски музеј со постојана поставка за историскиот развој на Кавадарци.

Градоначалникот Панов е задоволен од неговата прва средба со грчкиот колега. Притоа предложи во рамките на вториот повик од ЕУ да се конкурира со проекти од доменот на екологијата и туризмот. Заштита на водите со изградба на колектор и прочистителна станица, при што напомена дека Кавадарци е еден од првите 9 градови каде македонската Влада ќе финансира изградба на прочистителна станица на реката Луда Мара. Тој ја напомена и соработка во образованието која засега се одвива на ниво на контакти на директори од средните училишта во двете општини, а во наредната фаза да се насочи кон изградба на објект на Ски центарот Кожуф во кој би се вклучил и центарот со цел во зимскиот период да се образуваат идни скијачи, а објектот би работел преку цела година и како образовен центар за учениците од двете страни на планината.

На иста линија е и градоначалникот на Едеса кој ги поддржа безрезервно овие идеи со тоа што напомена дека негова приоритетна задача ќе биде да лобира во централната власт за заживување на меѓудржавниот проект граничен премин Пулево, со што патната разделеност би се свела на 80 од сегашните 210 километри. Панов пак посочи дека негова цел е Кавадарци Едеса (Воден) да бидат првите општини од Македонија и Грција кои ќе воспостават највисоко ниво на соработка со потпишување на Повелба за збратимување и со тоа ќе дадат позитивен пример за двете страни во надминување на вештачките бариери и стереотипите, со цел заеднички просперитет на народите од двете страни на Кожуф и Ниџе.

**Димитар Мурџев**

**Интензивна комунална изградба во Општината**

## АКТИВНО СЕ РАБОТИ НА ПОВЕЌЕ ПОЗИЦИИ ВО ГРАДОТ

Богата комунална изградба во Кавадарци и за оваа година најавува Локалната самоуправа Кавадарци. На повеќе локации се изведуваат градежни активности.



Се крпат ударните дупки, а на ул. Индустриска по завршената реконструкција на водоводната и канализационата мрежа минатата година ќе се постави нов асфалтен слој. Фирмата „Градба промет“ од Кавадарци ги изведе подготвителните работи со тампонирање пред асфалтирање. Оваа улица е долга 310 метри, а за целосна реконструкција од Буџетот ќе се издвојат 2,5 милиони денари.

Градоначалникот Александар Панов ја посети оваа улица и симболично го најави стартот на комуналната изградба. Започна првата фаза од комуналната изградба во Кавадарци. И годинава ќе има многу активности за изградба и подобрување на условите за живот во цела општина. Панов потенцираше дека Општината годинава планира да инвестира 200 милиони денари на повеќе позиции во урбаните и месните заедници во градот и во селата. Со овие интервенции во улици, водовод, канализација, потпорни ѕидови, подобрување на условите за работа во образовните и јавните институции во многу ќе се подигне стандардот на живеењето на граѓаните. Круна на годинашните инвестиции во комуналиите ќе биде работата на изградбата на новиот крак од водоводниот систем „Лукар“ со кој ќе се донесат 200 нови литри вода во секунда, со што трајно ќе се реши водоснабдувањето во општините Кавадарци и Росоман.

**Димитар Мурџев**

## „САДНИЦА + ОД СЕМЧЕ ДО ДРВЦЕ“

Под покровителство на градоначалникот и Советот на општина Кавадарци, а во организација на фондацијата „Ден на дрвото“, во средата беше организирана републичка акција во основните училишта под мотото „Садница + од семче до дрвце“.



Како што кажа координаторот на акцијата Томе Лисичанец учениците во сите основни училишта во саксии посеаја семе од јасен и добија посебни летоци на кои во текот на годината ќе треба да водат дневник за нивниот развој и тоа од моментот кога дрвјата ќе изникнат, па сѐ до денот кога во рамките на есенската акција „Ден на дрвото“ сите заеднички ќе ги насадат на една локација во непосредна близина на градот.

Акцијата ја поздрави и претседателот на Советот Илија Тренчев кој исто така посеа семе. Притоа на учениците од петто одделение во ООУ„Димката Ангелов-Габерот“ им посака успешно садење, наесен да го запаметат местото каде ќе го засадат дрвото и да го негуваат во текот на нивниот живот.

## ОДБЕЛЕЖАН 7 АПРИЛ - СВЕТСКИ ДЕН НА ЗДРАВЈЕТО

Секоја година на 7 Април се одбележува Светскиот ден на здравјето, како годишнина од основањето на Светската здравствена организација (СЗО). Светскиот ден на здравјето е глобална кампања која ги повикува лидерите на сите земји во светот да се фокусираат на еден од јавните здравствени проблеми од глобално значење и дава можност да се покрене заедничка акција за заштита и подобрување на здравјето и благосостојбата на луѓето.

Светскиот ден на здравјето 7 Април беше одбележан во ЈЗУ Општа болница Кавадарци. Директорот, д-р Орце Ангеловски, говореше за темата под која годинава се одбележува овој ден „Стареење и здравје“, а слоганот на кампањата за оваа година е „Здравјето додава живот на годините“ при што подвлече дека доброто здравје во текот на животот им помага на постарите луѓе да водат продуктивен живот во староста и наместо товар да бидат поддршка за своите семејства и заедницата. Стареењето го стигнува секого од нас без разлика дали сме мажи или жени, богати или сиромашни, без разлика каде живееме.

Бројот на лица над 60 години е двојно зголемен од 1980 година. Бројот на лица над 80 години ќе биде речиси четири пати повисок во 2050 година, во износ од 395 милиони. Во следните пет години бројот на луѓе постари од 65 години ќе го надмине бројот на деца под 5 години и до 2050 година бројот на деца под 14 години. Денеска мнозинството од постарите лица живеат во стопански недоволно развиените и земјите во развој, а до 2050 година тие ќе претставуваат 80% од населението.

На свеченост беа доделени и јубилејни награди на вработени во болницата за 20 години работа во здравството. Овие награди ги добија д-р Еленчо Ридов, кардиолог, Горан Ѓорѓиевски, Никола Плачков, Зоран Михов, Тони Зафиров, Трајанка Стојанова и Душанка Аврамова. Наградите им ги врачи директорот на болницата.

Благодарници за особен придонес и помагање во работата на болницата беа доделени на градоначалникот на општина Кавадарци, Александар Панов, претседателот на Советот Илија Тренчев, сопственикот на „Кожувчанка“ Митко Јанчев и на претседателот на Ротари клуб Кавадарци, Никола Наумов.

**Ангел Данов**




**Јавна презентација на студијата за гасификација во Република Македонија, делница 1**

## ПРИРОДНИОТ ГАС СО ПРАВИЛНО РАКУВАЊЕ БЕЗ ОПАСНОСТ ЗА ОКОЛИНАТА, НО БЛАГОДЕТ ЗА СТОПАНСТВОТО

Стратегиската определба за вклучување на природниот гас во енергетиката на Република Македонија, а со тоа и развој на постоечката гасна инфраструктура на ниво на цела држава, доведе до изработка на студија за гасификација на земјава. Посебен акцент е ставен на првата фаза на гасификацијата во периодот од 2011 до 2015 година. Во земјава интензивно се работи на овој проект, со цел што побрза реализација на проектот за гасификација. Во Кавадарци беше презентирана студијата за оценката на влијанието врз животната средина од проектот „Национален гасификационен систем во Македонија, делница 1 Клечовце - Неготино со крак до ТЕЦ Неготино“. На презентацијата присуствуваа претставници од бизнис секторот и јавните претпријатија.

Градоначалникот Александар Панов ја нагласи користа од изградбата на гасовод, пред се за бизнис секторот и нивното работење. Напомена дека изградба на систем за гасификација е желба на кавадаречкиот бизнис сектор, бидејќи на тој начин ќе се обезбеди еколошки, постојан и евтин енергенс. Според него гасификацијата со цевковод е најдобрата работа, иако во претходните години руски и бугарски претприемачи нудеа друг вид на гасификација. Но кракот од ТЕЦ Неготино до Кавадарци ќе придонесе да се подобри



енергетската снабденост со цел поевтин енергенс за поконкурентни производи. Гасификацијата во најоптимистичката варијанта би се завршила за 18 месеци кога и стопанството би ги почувствувало бенефитите од овој исклучително значаен проект на Владата. Панов обзнани дека проектот за гасификација на Кавадарци во надлежното министерство е изготвен, а следниот чекор е Општината да го заврши својот дел од урбанизацијата, во првата фаза природниот гас како најевтин енергенс би се инсталирал во индустриските зони.

М-р Магдалена Трајковска Трпевска ја претстави студијата пред кавадарчани. Генерално, изградбата на гасоводот, доколку се почитуваат дадените препораки и мерки ќе нема никаво негативно влијание врз животната средина, а тоа значи ниту врз лозовите насади.

Проектот „Национален гасификационен систем во РМ, делница 1 Клечовце - Неготино со крак до ТЕЦ Неготино“, претставува дел од комплексниот гасификационен систем кој овозможува развој на постоечката гасна инфраструктура која во периодот 2010-2040 година треба да биде воспоставена на целата територија на државата.

**Ангел Данов**

**Одбележани 68 години од убиството на народните херои**

## ЦВЕЌЕ ВО СПОМЕН НА ЌИРО КРСТЕВ И ДИМЧЕ МИРЧЕВ

Пред точно 68 години ден Благовец во нерамноправна борба со бугарскиот окупатор и домашните предавници храбро загинаа народните херои Ќиро Крстев Атанасовски-Страшо и Димче Мирчев-Апостол. По тој повод на нивниот споменик во близина на ДГС „Партизан“, овој ден го одбележаа голем број почитувачи на нивните дела. На почетокот краток историски час одржа Томе Ташев од Здружението



на борци и почитувачите на делото на НОБ од Кавадарци.

По едноминутното молчење во чест на народните херои свежо цвеќе на споменикот положија претставници на Организацијата на борците од Кавадарци, претставници на Организацијата на борците од Неготино, претставници на Урбаната заедница „Ќиро Крстев“, претставници на политичките партии, како и наставници и ученици од ОУ „Тошо Велков-Пепето“ кое е задолжено за грижа за споменикот на двајцата херои. Одбележувањето на 68-годишнината од смртта заврши со кратка културна програма во изведба на учениците од ова училиште. Учениците подготвија и реферат кој го опиша животот, делото и смртта на овие двајца револуционери. На крај во името на Општината и колективот на училиштето се обрати наставничката по македонски јазик од ова училиште Тимка Стојанова.

**Мики Виденовиќ**

## ЦЕЛОСНО СЕ ОБНОВУВААТ ДВЕ ТРЕТИНИ ОД ДРВОРЕДОТ НА УЛИЦА „7 СЕПТЕМВРИ“

Неделава ЈП„Комуналец“ преку работната единица Паркови и зеленило изврши отстранување на старите стебла од дрворедот на улицата „7 Септември“ на потекот од крстосницата кај Домот на културата до крстосницата на мостот кај јаворот. Беа отстранети вкупно 50 стебла на стари дрвја чија биолошка старост е над 50 години. Во најголем дел иако секоја година на нивните стебла се вршеше редовна ресорекција сепак тие имаа уништени крошни од обилните снежни врнежи оваа зима, потоа нивните корени го уништуваа тротоарот од двете страни, дел од нив беа исушени или наведнати кон околните згради и над самиот коловоз со што создаваа проблеми и во сообраќајот во времето на бујна вегетација, а најмногу од нив имаа оштетени стебла.

Но просторот за дрвја нема да остане празен, на нивно место веќе наредната недела ќе бидат посадени однапред подготвени и формирани стебла на декоративни дрвја кои во многу ќе го подобрат естетскиот изглед на



улицата. Стручното отстранување го извршија екипи на Комуналното претпријатие и тоа по цела должина од левата страна на улицата. Единствено од стариот дрворед останаа стеблата на потегот од северната страна на паркот полиција чии корени беа санирани минатата година, а стеблата им беа оградени со соодветна ограда од бехатон плочки.

**Димитар Мурџев**

## СЕ ЧИСТЕШЕ РЕЧНОТО КОРИТО

Екипа на ЈП „Комуналец“ изврши чистење на речното корито во регулираниот дел на Луда Мара под мостот кај јаворот. Откако за потребите на верскиот празник Богојавление Водици на проширениот дел беше запишана реката, таму се собра поголем нанос на речен седимент- мил.



Со затоплувањето на времето комуналци го отстранија тој нанос и сега речното корито е чисто и подготвено без проблеми да ја пропушта водата во реката, притоа е отстранет и непријатниот мирис на мил. Граѓаните без проблеми ќе може да се рекреираат и да се шетаат на шеталиштето покрај бистрата вода.

### ФОТО ВЕСТ

Показна вежба Евакуација при пожар беше организирана во ООУ„Димката Ангелов-Габерот“ од Кавадарци. Во неа учествуваа учениците, наставниците, МВР, итната помош, Црвениот крст и Дирекција за заштита и спасување.



Организираната вежба покажа координираност и високо ниво на подготвеност кај сите учесници.




■ **Основното општинско музичко балетско училиште „Лазо Мицев-Рале“ го одбележа патрониот празник**

## УЧЕНИЦИТЕ ГОДИНАВА ОСВОИЈА НАД 80 ПРИЗНАНИЈА НА ПОВЕЌЕ ДОМАШНИ И МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ

Основното општинско музичко балетско училиште „Лазо Мицев-Рале“ го одбележа патрониот празник. На свечена седница на наставничкиот Совет во присуство на гости и претставници од Општината им беа доделени награди на професори за долгогодишна работа, а на најдобрите ученици по класи како и на првенците на генерацијата им беа врачени скромни признанија. Претходно делегација на Советот предводена од претседателот Илија Тренчев, од фамилијата на патронот, како и од училиштето, пред бистата на Рале во дворот положија букети цвеќе.

На скромна свеченост во холот на училиштето говореше директорката Весна Арангелова која истакна дека иако е се уште далеку крајот на оваа учебна година досега



учениците на различни домашни и меѓународни натпревари успеаја да освојат 80 признанија, а последните беа во Битола на државниот натпревар за труба. Беа доделени пригодни награди за првенците на генерацијата по класи и тоа: Александра Петровска, класа виолина кај наставникот Ласко Атанасов, Тодор Спанџов, класа пијано кај наставникот Ана Арангелова, потоа Трајче Илиевски, класа народни инструменти наставник Горан Јанев, Александар Ташев, класа пијано наставник Весна Павлова, Мите Настов, труба, наставник Златко Јованов и Слободанка Танева, класа пеење, наставник Радица Костадинова. Јубилејни награди за работен стаж во училиштето за 30 години добија наставниците Пешо Бошков и Стеван Волчев, а за десет години секретарот Блага Шикова и наставникот Даниела Паланкова-Маџункова. На крајот за гостите беше приреден краток концерт со настап на првенците на генерацијата по класи.

**Димитар Мурџев**

■ **Успешен проект на инспекторите по превенција во сообраќајот**

## ГОЛЕМ ИНТЕРЕС КАЈ МЛАДИТЕ ЗА ДОБИВАЊЕ „М“ ДОЗВОЛА

Убавото време придонесе за голема раздвиженост по градските улици. Се раздвижија луѓето, а од гаражите во погон се ставија мопедите. Вистинско време и сигнал да се стартува со вториот дел од проектот за безбедно



управување со мопед. Да бидеме конкретни – децата на возраст од 14 до 16 години значи оние кои се прва и втора година средно за да управуваат со мопед мора да положат возачки испит за национална „М“ категорија. Во просториите на Автошколата „Безбедност“ четириесеттина младинци ги одржуваа часовите од теоретската обука за безбедно управување со мопед. Автошколата ја потврди својата безрезервна поддршка на овој проект, а Македонка Илиевска посочи дека акцијата овозможува големи привилегии кои ги добиваат оние што ја посетуваа теоретската настава.

Акцијата продолжи со несмалено темпо и во просториите на Автошколата „АЛФ-РД“ каде се пријавени четириесеттина младинци за теоретска настава. Радува фактот што младите сфатија дека почитувањето на сообраќајните правила е многу битно и дека е подобро да возат со возачка в џеб отколку да ризикуваат да бидат фатени. Автошколата „АЛФ-РД“ исто така ја потврди својата безрезервна поддршка на овој проект. Откако заврши теоретската обука од проектот се премина на третата фаза, а тоа е полагање на тестови во испитниот центар, по што посетителите имаа можност да полагаат тестови и да се здобијат со неопходната исправа за управување со мопед. Носител на проектот е одделението за превентива во сообраќајот од полициската станица Кавадарци и инспекторот Диме Крстев.

**Мики Виденовиќ**

## РАКОТВОРБИ ОД РОДИТЕЛИ И ВОСПИТУВАЧИ

Експонати од хартија и пластика беа изложени на завршната изложба организирана во Градската галерија Кавадарци во склоп на одбележувањето на патрониот празник на детската градинка „Рада Поцева“. Согласно еколошката програма во рамките на наставната програма воспитувачките во клоновите на градинката заедно со родителите на децата во минатите неколку месеци вредно и макотрпно твореа на создавање уметнички ракотворби од хартија и пластика.




Беа тоа мали уметнички ремек-дела кои се изложени на увид на јавноста. Истите ќе бидат понудени на продажба, а собраните пари ќе се донираат на Детско одделение во Општа болница Кавадарци. Лебеди од хартија, цвеќиња, кошнички и многу други ракотворби го привлекуваа вниманието, но сепак макетата на црква изработена од отпадна пластика беше вистинско мало ремек-дело на изложбата.

**Димитар Мурџев**

■ **Граѓаните веќе земаат активно учество во анкетата за иднината на базенот**

## СЕ ГЛАСА НА ОФИЦИЈАЛНАТА ВЕБ-СТРАНИЦА НА ОПШТИНАТА

Намалување на волуменот и негово проширување и реконструкција во мини аква парк - ова понудено решение има најголема поддршка од граѓаните на Кавадарци две недели од гласањето на анкетата во врска со ревитализацијата на градскиот безен, поставена на сајтот на општина Кавадарци и на сајтот на КТВ-телевизија.

Заклучно до вчера на анкетата на општинскиот сајт до денеска гласале 233 граѓани од кои 210 се определиле за мини аква парк, а 23 за реконструкција на базенот. На КТВ гласале 152 граѓани од кои 135 се изјасниле дека сакаат да се намали волуменот на базенот и да се претвори во мини аква парк. Наспроти ова 17 граѓани го кажале своето мислење дека е најдобро да се намали волуменот и базенот да се реконструира во сегашните димензии.

Граѓаните може и понатаму да го дадат своето мислење во врска со ова прашање, едноставно со отворање сајтот на телевизија КТВ или сајтот на општина Кавадарци се до 31 мај годинава.

Целта на оваа анкета е испитување на



јавното мислење на граѓаните во однос на планот за ревитализација на градскиот базен.

Опшината согласно законската регулатива формира Комисија која ќе го следи изјаснувањето на граѓаните во однос на оваа јавна анкета, која освен по електронски пат ќе биде спроведена и меѓу населението по неколку различни основи. Комисијата ја сочинуваат претставници на општинската администрација, по еден член од секој училиштен одбор, од НВО секторот и пензионерите. Најмасовно ќе се спроведе во основните, средните училишта и во градинката. Имено со посредство на Советите на родители до сите ученици ќе бидат доставени анкетни листови со опис на целите на анкетата и двете прашања. Потоа учениците ќе ги достават до нивните родители кои ќе треба да заокружат еден од предлозите по што утредента повторно преку учениците ќе го вратат пополнетиот лист до комисијата. Наредната фаза опфаќа спроведување на анкетата меѓу пензионерите и младите активисти во невладиниот сектор. За оваа анкета се напечатени 5 000 анкетни ливчиња, што според организаторот на анкетата е доволно за да се сондира мислењето на граѓаните како да се ревитализира градскиот базен во Кавадарци.

**Димитар Мурџев**




■ **Самостојна изложба на Гордана Талевска**

## ИЗЛОЖЕНИ 26 ДЕЛА ВО КОМБИНИРАНА ТЕХНИКА

На 6 април во Музеј-галерија Кавадарци беше отворена ликовна изложба на младата академска сликарка од Битола, Гордана Талевска. Ова е нејзина втора самостојна изложба на која се претстави со 24 уметнички слики изработени во



последните две години. Ликовна опсесија и е експресионизмот, меѓутоа работи и комбинирана техника. Нејзините слики се полни со ведрина за што говорат живите бои кои моќне успешно ги вклопува во своите дела. Во нејзините дела се гледа влијанието на голем број афирмирани ликовни уметници од Република Македонија.

Соодветно влијание кај неа оставил и нашиот ликовен уметник Р. Соколов, кај сликата „Траги“, бидејќи минатата година неколку дена работеше во неговото ликовно студио „Сокол арт“. Таа има 28 години и за првпат се претставува пред кавадаречката ликовна публика. Има завршено Факултет за ликовна уметност „Неофит Рилски“ во Благоевград, Р. Бугарија. До сега има учествувано на неколку групни изложби во земјата и во странство, како и на неколку ликовни колонии. Минатата година беше учесник на Ликовната колонија „Кавадарци 2011“.

За нејзините дела говореше и изложбата ја прогласи за отворена ликовниот уметник и педагог проф. Ванчо Кеков. Изложбата во Музеј-галеријата ќе биде отворена до 20 април, од каде ќе биде претставена во Музеј на град Неготино.

**Петре Камчевски**

## ОДБЕЛЕЖАН СВЕТСКИОТ ДЕН НА ДЕТСКАТА КНИГА

По повод Светскиот ден на детската книга, 2 Април, во просториите на Библиотеката „Феткин“ - Кавадарци имаше читање на бајка од познат светски баснописец. Датумот на светскиот ден на детската книгата не е случаен, тоа е роденденот на познатиот дански писател на бајки Ханс Кристијан Андерсен, затоа во негова чест се читаше бајката ,,Девојчето со кибритчиња“.



Бајката ја читаше и презентираше познатиот педагог, воспитувач и поетеса Тодорка Андова. Со нејзиниот препознатлив и уникатен стил пред дечињата од Детската градинка „Рада Поцева“, Андова ја пренесе безвремената приказна со која пораснале милиони генерации на деца ширум светот. Со овој чин библиотеката ја продолжи традицијата на овој ден симболично да се случи настан со кој и Кавадарци ќе се вклучи во одбележувањето на Светскиот ден на детската книга.

■ **Се одржа Првата манифестација „Новинарите пеат“**

## МАРИЈАНА ГИ СОБРА СИТЕ НАГРАДИ

Првата манифестација „Новинарите пеат“ што се одржа во Универзалната сала во Скопје покажа дека дел од припадниците на седмата сила освен што се вешти со зборовите, умеат и добро да пеат. На првото издание настапија 14 новинари од различни медиуми, а меѓу нив беше и кавадарчанката Маријана Пешиќ.

Иако новинар во пензија, таа е сè уште активна и полна со идеи, а посебно со желбата за пеење. Во конкуренција на колегите Маријана се претстави со познатата мексиканска балада „Ту соло ту“ во придружба на професионалниот „Аре Салса Бенд“ предводен од познатиот гитарист Петар Ренџов. Од нејзината интерпретација беа восхитени сите, како публиката во салата така и гледачите на директниот пренос кој се емитуваше на МТВ. Дека новинарката од Кавадарци ќе биде откритие на настанот се знаеше уште по генералната проба кога музичарите и колегите натпреварувачи видоа со кого си имаат работа и за каков глас се работи. Маријана го освои сите можни награди и беше прогласена за севкупен победник на



првиот собир на манифестацијата „Новинарите пеат“.

Со овој успех таа покажа дека покрај добар новинар е и одличен вокален интерпретатор со музички талент. Инаку овој нејзин потенцијал добро го знаат само колегите од некогашните Јавни локални радио-станици на Македонија кои, секоја година за време на „Деновите на македонското радио“ (манифестација која постоеше 32 години, а згасна во 2005 год. кога со закон 29 локални радија престанаа да работат) имаа задоволство Маријана да им пее со нејзиниот прекрасен глас. Токму настапот на Маријана ги потсети нејзините колеги од некогашната Радио-телевизија Кавадарци, на едно убаво време и ги разбуди емоциите на новинарските средби кога се дружеа и беа вистинска седма сила на локално ниво. Затоа сите честитки до Маријана Пешиќ чија победа е доказ за нејзиниот неспорен талент и потврда на неостварената желба од младоста, а секако и уште еден успех на Кавадарци.

**Лилјана Илиева**

## ПЕТ ГОДИНИ ОД СМРТТА НА ГОЛЕМИОТ ПИСАТЕЛ И ДРАМСКИ АВТОР ТОМЕ АРСОВСКИ

Томе Арсовски по потекло е од Кавадарци, иако е роден во Косовска Митровица на 23.9.1928 година, каде неговиот татко е на служба.



По избувнувањето на Втората светска војна неговото семејство се враќа во Кавадарци, родниот град на неговите родители.

Во Кавадарци завршил гимназија, а Филозофски факултет во Скопје, група славистика. По дипломирањето работи во МНТ, а потоа и во редакцијата на весникот „Нова Македонија“, за крајот од неговиот работен век да го заврши во МРТВ, како уредник на детската програма.

Томе е познат и признат македонски поет, раскажувач, романсиер, драмски автор и преведувач. Беше активен и признат член на Друштвото на писателите на Македонија, а во еден мандат и негов претседател. Автор е на голем број дела меѓу кои ќе ги спомeнеме: „Грст смеа“ (поезија, 1958), „Александра“ (драма, 1958), „Празник на птиците “ (драмска етида, 1959), „Непребол“ (поема, 1961), „Парадоксот на Диоген“ (драма, 1961), „Грст среќа“ (ТВ драма, 1962), „Матурска вечер“ (драма, 1964), „Стотиот чекор“ (ТВ драма, 1964), „Обрачи“ (драма, 1965), „Грдиот Нарцис“ (ТВ драма, 1964), „Бумеранг“ (комедија, 1969), „Коктел за четворица“ (ТВ драма, 1970), „Залез зад езерската земја“ (ТВ драмска серија, 1973), „Скок преку кожа“ (драма, 1976), „Излез во случај на опасност“ ( драма, 1989), „Климент Охридски“ (историски роман, 1989), „Кристалната планета“ (роман за деца, 1990), „Куќа на четири ветра“ (роман, 1991), „Петтиот ветар“ (раскази, 1992), „Подводен град“ (раскази за деца и млади, 1993), „Диско-штурец“ (поезија, 1993), „Пурпурното поле“ (поема, 1996), „Дедо Мраз и феферони“ (комедија за деца, 1997), „Марко Крале и Феферона“ ( весела сценска игра за деца, 1997), „Жената со птичја глава“ (раскази, 2000).

Томе Арсовски е автор на книгата „Бушавите години“, за која инспирација наоѓа во вистинските настани и доживувања од неговото детство во Кавадарци. Во 2001 година Томе Арсовски изврши преведување и беше лектор на двотомното издание на „Револуционерните борби во Тиквешијата“, спомени и материјали на учесници во револуционерни настани од илинденскиот и поилинденскиот период во Тиквешијата.

Томе Арсовски е добитник на бројни награди и признанија меѓу кои ќе ги истакнеме: наградата „11 Октомври“, „13 Ноември“ (за животно дело), „Кочо Рацин“, „Климент Охридски“ и др. Почина во Скопје на 21 април 2007 година на 79-годишна возраст.

**Петре Камчевски**



● **Кошаркарите на Фени Индустри обезбедија пласман во две финалиња**

## МОЖНОСТ ДА ГИ БРАНАТ ДОМАШНАТА И БАЛКАНСКАТА ТИТУЛА

Кошаркарите на Фени Индустри влегоа во историјата на Еврохолд Балканската лига како единствен тим што настапил на четирите завршни турнири од ова регионално натпреварување, откако во Бар успеаја да го совладаат црногорски Морнар 83:82 за конечни 2:0 во четвртфиналната серија. Оваа победа на кавадарчани им донесе виза за фајналфор-



турнирот што од 21 до 23 април ќе се одржи во израелскиот град Ган Нер, каде што во полуфиналето ќе ги одмерат силите со бугарски Левски. Во втората полуфинална пресметка ќе играат двата домашни тима Хапоел Галил Гилбоа и Хапоел Тел Авив.

Голема радост предизвика тројката на бугарскиот интернационалец Иван Лилов во последната секунда од мечот против Морнар во Бар, која значеше пласман на завршницата од БИБЛ-лигата во Израел. Пред поаѓање назад за Македонија Лилов доби едно големо „Мерси" (вид на чоколада, но и бугарски збор за благодарам) од сите во екипата. Самите играчи се свесни дек напишаа еден дел од историјата не само на регионалното натпреварување туку и на македонската кошарка како единствен тим што учествувал на сите фајналфор-турнири од БИБЛ-лигата.

На радост на Лозарите и кавадарчани, исклучително успешната спортска седмица за Лилов и Фени Индустри продолжи и во домашното првенство со осум поени постигнати во последните дваесеттина секунди, бугарскиот интернационалец Иван Лилов беше творец на победата на Фени Индустри на гостувањето против Лирија (84:75) за конечни 3:0 во полуфиналната плеј-оф серија и за пласман во големото финале. За кошаркарите од Кавадарци ова ќе биде петто финале по ред во домашниот шампионат, во кое ќе се обидат да ја одбранат минатогодишната и да ја освојат четвртата домашна титула во клупската историја.

● **Формирано ново Планинарско друштво со име „Зелен Брег"**

## КАВАДАРЧАНИ И НЕГОТИНЦИ ЗАЕДНО ВО ПОХОДИ ПО ПЛАНИНСКИТЕ ВРВОВИ

Мешовита експедиција од планинари го освои највисокиот врв на Балканот, Мусала на планината Риле во Бугарија. Врвот висок 2.925 метри е освоен во исклучително лоши временски услови, велат планинарите од кои дел се неготинци, а дел кавадарчани. Станува збор за планинарите од Друштвото „Зелен Брег" од Кавадарци Розалија и Влатко Матоски, Методи Атанасов, Стојан Ѓорѓиев, Славе Петровиќ, Фено Наков, Илија Белевски и Коста Костадинов. Оваа експедиција беше вовед во официјалното формирање на новото планинарско друштво со седиште во Кавадарци кое го носи името „Зелен Брег".

Основач на Друштвото е кавадарчанецот Методи Атанасов со неговата сопруга Силвана Чулева Атанасова, Славе Петровиќ, Анѓел Лостов, Стојан Ѓорѓиев, Фено Наков, Тасе Илиев, Влатко и Розалија Матовски. Оваа група подолго време заеднички самоиницијативно организирала планинарски експедиции на врвот Пелистер на Баба Планина како и на Титов Врв на Шар Планина. Ова дружење како и успешните експедиции ги соединија овие луѓе кои минатата недела во Градската галерија на Домот на



културата Кавадарци го одржаа основачкото Собрание на планинарското друштво „Зелен Брег" кое во моментов брои 25 членови.

Како што вели Методи Атанасов, наредна спортска цел е на 2 Август - Илинден да го освојат покривот на Европа, врвот Мон Блан на Алпите. Имаат план да се изгради и планинарски дом на врвот Дудица на Кожуф, каде тие веќе располагаат со два објекта кои ги користат како базни станици, односно импровизирани планинарски домови на локациите Драгоја и 'Ржаново.

**Димитар Мурџев**

● **Турнир во мал фудбал во чест на Светскиот ден на Ромите**

## ШТИПЈАНИ НАЈДОБРИ ВО КОНКУРЕНЦИЈА НА ОСУМ ЕКИПИ

Под покровителство на градоначалникот на општина Кавадарци, а во склоп на активностите на одбележување на Светскиот ден на Ромите 8 Април, минатата недела се одигра еднодневен турнир во мал фудбал. На турнирот учествуваа 80 фудбалери од осум екипи и тоа од Прилеп, Штип, Криволак, Ваташа, Сопот и три екипи од Кавадарци.

Победник на турнирот е екипата од Штип која во финалето го победи тимот на Сопот со 3:1, а во борбата за третото место Прилеп го победи Кавадарци со резултат 3:2. Конечниот пласман на турнирот е прво место Штип, второ Сопот, трето Прилеп и четврто Кавадарци. Натаму следуваат екипите на Криволак, Џуди, Ваташа и Шабан. За првите три пласирани екипи покровителот



обезбеди пехари, а турнирот го помогнаа ЈП „Водостопанство Тиквеш" и приватната фирма „Око-Хилт" од Кавадарци.

**Димитар Мурџев**

## КОШАРКАРИТЕ ОД ГИМНАЗИЈАТА МЕЃУ ШЕСТЕ НА УЧИЛИШНАТА ОЛИМПИЈАДА

Машката кошаркарска репрезентација на Гимназијата „Добри Даскалов" од Кавадарци, која работи под раководство на професорот по физичко воспитание Тимче Пецов го освои првото место на натпреварувањето во рамките на групата од Западниот регион. На првенството кое се организира во рамките на Училишните спортски игри, а како квалификации за учество на традиционалната Училишна олимпијада настапија осум екипи и тоа средношколци од Кавадарци, Битола, Гостивар, Струга, Ресен, Кичево, Крушево и Неготино. Екипите беа поделени во две групи од четири екипи. Во рамките на својата група, кавадаречките гимназијалци ги победија своите врсници од Ресен и Гостивар, додека во втората група најуспешни беа средношколците од Неготино кои со победите над екипите од Битола и Крушево обезбедија пласман во финалето.



Средбата во финалето помеѓу екипите на Гимназијата „Добри Даскалов" од Кавадарци и на Гимназијата „Кирил и Методиј" од Неготино, повеќе од заслужено им припадна на кавадаречките гимназијалци кои остварија висока победа со резултат 48:26 со што го освоија првото место во регионот. Според системот на натпревари за Училишните олимписки игри кои годинава ќе се одржат во Прилеп, пласман на Олимпијадата обезбедуваат двете првопласирани екипи од трите региони и тоа Скопски, Источен и Западен. Прилеп е домаќин на Олимпијадата и екипите од овој град имаат директен пласман во сите спортови кои се застапени на ова најмасовно училишно спортско натпреварување во Македонија, а останатите треба да ги минат квалификациите на општинско и регионално ниво.

**Димитар Мурџев**

### Долг кабел

- Ало, дали е тоа телефонската компанија?
- Да, повелете...
- Едни ваши дечки пред некој ден беа тука да ми го поврзат телефонот, ама ми оставија многу долг кабел во собата и цело време се спрепнувам од него.
- Да... И?
- Па, би ве замолила ако сакате од таму малку да го повлечете.

**Илија Пемов**

### АФОПЕРИЗМИ

Чудно. Меѓу толку кројачи - голи газиња.

**Петар Наневски**


КАВ'ДАРЕЧКИ ВЕСНИК
Општинско јавно гласило
Издавач: Локална самоуправа Кавадарци
Уредник: Димитар Мурџев
Лектор-коректор: Роза Петкова
Печати: Печатница „Даскал Камче" Кавадарци
Бесплатен примерок